Врз основа на член 14 од Законот за ревизија ("Сл. Весник на Р. Македонија" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18), а во врска со член 26 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 136/07, 136/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија, на седница одржана на 25.07.2018 година донесе

# ОДЛУКА

## за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија за 2018 година

1. Со оваа Одлука се врши измена на Планот за јавни набавки на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија за 2018 година, заведен под бр. 01-92/1 од 02.02.2018 година.
2. Во табелата се додава точка 2 која гласи "Договорни и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги".
3. Во делот 2 – Договорни и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги се додава поле со реден број 2.1, со предмет на договор "Услуги за набавка на авиобилети", очекуван почеток на постапката во месец јули 2018 година и проценета вредност на договорот од 200.000,00 денари без вклучен ДДВ.
4. Во делот 2 – Договорни и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги се додава поле со реден број 2.2, со предмет на договор "Услуги за мобилна телефонија", очекуван почеток на постапката во месец јули 2018 година и проценета вредност на договорот од 100.000,00 денари без вклучен ДДВ.
5. Во делот 2 – Договорни и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги се додава поле со реден број 2.3, со предмет на договор "Услуги за одржување на хигиена", очекуван почеток на постапката во месец август 2018 година и проценета вредност на договорот од 70.000,00 денари без вклучен ДДВ.
6. Постапките за јавна набака наведени во точките 3, 4 и 5 од оваа Одлука се склучуваат врз основа на Договорот за вршење општи и заеднички работи и услуги за 2018 година со бр. 03-22/2 од 09.01.2018 година склучен со Службата за општи и заеднички работи при Влада на Република Македонија.
7. Средствата потребни за реализација на Планот за јавни набавки се обезбедени со Финансискиот план за 2018 година на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.
8. Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Бр. 02-92/2
25.07.2018

Претседател на Советот,
Премтим Исени